03.12.2012, 17:16

# ИНТЕРВЈУ - СЛУЧАЈОТ СО ЏУЛИЈАН АСАНЖ Е ПРИВИД



**Ликовната уметница Христина Иваноска вели дека дарбата е единствениот простор во кој знае дека е слободна, зашто мислата и' е слободна**

Катерина Богоева

Вашата изложба „Ова е земјата во која младите девојки прснуваат од смеа без многу двоумење“ поставена во Музејот на современата уметност е една од оние инсталации што привлекуваат при првиот контакт, но, сепак, за да ја открие заокружената мисла, гледачот треба да се ослободи од притисокот на времето, но и од стереотипите во гледањето на нештата. Освен со родови прашања, овој пат се занимавате и со слободата на изразување на личниот идентитет, со себе откривање, зошто?

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК КАМПУВААТ ЗА ДА БИДАТ ВИДЕНИ И СЛУШНАТИ
- СТУДЕНТИТЕ "ФИСКУЛТУРЦИ" НАЈУСПЕШНИ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА УКИМ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

20° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно
ПОН 22 | ВТО 23 | СРЕ 20 | ЧЕТ 20 | ПЕТ 20
САБ 20 | НЕД 22 | ПОН 22 | ВТО 25 | СРЕ 26
овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести



Изложбата е дел од мојот магистерски труд кој го развивам под менторство на проф. Станко Павлески при Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Поставката е крајно прочистена. Започнува со реченицата „Се барам низ историјата и не се пронаоѓам никаде", која е испишана слободно со рака и буквално во еден здив. Тоа е првото нешто со кое се судирате пред да влезете во изложбената сала како некој вовед во она што следува потоа. Поставката бара од гледачот внимателно да и' се посвети и како еден вид детектив или истражувач да се нурне во разоткривањето, поврзувањето и исчитувањето на секој детаљ кој му се нуди за на крајот можеби да ги поврзе во приказна или искуство кое ќе биде само негово. Истражувањето за оваа изложба, или поточно за целиот магистерски труд, бидејќи и текстот на кој работам моментно е неизоставен дел од визуелното, започна пред една година. Едно од прашањата кои се издвоија низ овој процес беше и прашањето за личната среќа, но повеќе во контекст на оној што создава, што твори. Дали таа произлегува од чувството на целост? Дали слободата води кон среќа? Дали слободата да се прифати и живее со личната комплексност, кое е нешто прекрасно и единствено, води кон задоволство и исполнување? Дали „поезијата треба да има мајка како што има и татко", како што вели Вирџинија Вулф? Дали умот на творец е андрогин? Интересно е што имав чувство како да сум повторно на почеток во потрагата по одговорот на прашањата што си ги поставив уште со мојата прва самостојна изложба од пред петнаесетина години, насловена „Костум за двајца", но дека им приоѓам со поинаква зрелост. И на крајот и не е важно дали одговорот е веќе тука и содржан во она што го гледате. Единствено што можам да споделам е дека навистина уживав да размислувам и творам слободно.

**Се доживувате себеси како слободна уметница, но како би го дефинирале тоа?**

Има многу работи во животот за кои одлучуваат другите, почнувајќи од изборот на името кое е одлука најчесто на вашите родители. Но, има нешто што е само ваше и ви припаѓа само вам и вие ќе одлучите што со тоа. А тоа е вашата дарба. Којзнае каков драгоцен потенцијал лежел во моите предци, но ете јас сум првиот уметник во моето семејство. Ја имав таа среќа да имам голема поддршка и разбирање од моите родители и од сестра ми. Мојот животен партнер е уметник, кој го знам од мојата 14. година и едриме низ просторите на уметноста, и заедно и одвоено, повеќе од две децении. Можете да не ја развивате вашата дарба, да ја запоставувате, да ја занемарувате, тоа е ваше право. Но, ако ја искомпромитирате, ако ја злоупотребите, ако ја нудите за земски задоволства, тогаш сте го изгубиле најубавото од себе. Тоа е единствениот простор во кој знам дека сум слободна зашто мојата мисла е слободна.

**Коинциденција или не, оваа изложба, која е отворена речиси еден месец, се совпадна со се' повидливата борба за изразување на личниот идентитет на граѓаните од земјава, а седиштето на ЛГБТ-заедницата во Скопје беше и каменувано. Каков е Вашиот став за оваа борба, што е, според Вас, слободна индивидуа, како се препознава во Македонија, а како надвор од неа?**

Моите пријатели и пријателки ја имаат мојата безрезервна поддршка во нивните барања да бидат прифатени како рамноправни граѓани со сите права и слободи што им следуваат. Можам само да претпоставам колку храброст им е потребно секојдневно за да живеат нормален живот во држава и власт која ги промовира и поддржува исклучиво хетеросексуалните, патријархални,

Deutsche Welle
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?
Пипа кажа „Да"

христијански вредности.

Не постои држава во светот која создава и сака слободни индивидуи. Па, видете го случајот со Џулијан Асанж. Тоа е само привид. Сите на овој или оној начин манипулираат со прашањето за личната слобода. Граѓаните кои уживаат одредена слобода не сакаат да ја делат со други. Тие може да пропагираат дека е тоа демократско право кое му припаѓа на секого, но љубоморно ја чуваат и заштитуваат. Затоа не ги прифаќаат различните од себе како што се малцинствата, емигрантите, маргинализираните групи. Ова може да се забележи дури и во најсофистицираните западноевропски општества. Но, маргинализираните само доколку станат доволно моќни и видливи, ќе добијат место под сонцето.

**Во кутии од дрво поставивте предмети што го составуваат делото со провокативен наслов, но него го чинат и повеќе други оригинални елементи. Од кои извори „пиевте вода" при оформување на инсталацијата?**

Насловот на изложбата е извлечен од еден од кратките раскази на британската писателка Вирџинија Вулф. Тој описно прикажува една состојба на безгрижност, ослободеност и спонтаност. Само среќното и остварено битие восклинкува од радост. Тоа може да се изрази себеси без воздржување и без размислување за последиците и реакциите. Во поставката секој предмет е поставен во кутија која е изработена од соодветно дрво со своја единствена димензија. Изборот на дрвото не е случаен. Тоа е дел од приказната за предметот и негова утроба. Секоја кутија има и свое име кое е видливо поставено. Кутијата „Codex Floriae" е изработена од црница или дудинка. Во неа е сместен еден венец кој полека венее за да дојде до состојба на „мумификација". Тој и' е посветен на една слободна жена која живеела во 4 век, Флорија Емилија, која, согледувајќи на кои темели се поставува христијанството, не се плаши да претпостави и да напише дека слободните учени жени како неа во иднина ќе бидат убивани. Позлатениот среден прст од мојата десна рака е поставен на меко перниче од свила и пердуви во кутија за реликвии изработена од багрем. Издигнат во кутијата во знак на протест прашува: дали светецот и поетот не итаат кон иста цел? Зошто има безброј докази дека отаде видливото поетот го видел рајот. Кутијата од орев грижливо го чува мермерното „Двополово едно". Постои претпоставка дека во почетокот битието имало сферична форма пред да се расцепи и одвои на две. Андрогиниот ум е последниот обид на човекот да го постигне тоа единство на спротивности. И на крајот, од кутијата изработена од најцврстото, најдолговечно и најиздржливо дрво со волшебна моќ, дабот, излегува знамето на „друштвото на маргиналци" на кое му припаѓаат само слободните или оние во потрага по слободата. Рачно сликано, знамето има две лица. Едното е лицето на алхемијата прикажано преку четирите бои кои соодветствуваат со четирите основни елементи со кое се достигнува духовно единство и потсетува на правата на рамноправност и еднаквост. А другата страна е страната на природата: на животот, љубовта и смртта. Голема инспирација за мене беше, пред се', творештвото на Вирџинија Вулф во литературата, а другата половина или нејзиниот пандан го пронајдов во визуелната уметност во личноста и творештвото на Марсел Дишан, кој е и нејзин современик и за кој се верувало дека многу се интересирал за алхемијата.

**Што се менува, а што остана непроменето во Вашето лично доживување на уметничката слобода и покрај политичките, економските, верските случувања во светот во изминатите неколку години?**

Во една книга која ја читам деновиве наидов на една реченица која ме замисли, а вели: „Војната не треба да го интересира ниту уметникот ниту уметноста". Дали во денешен контекст уметникот може да остане настрана од се'? Дали и како ги цениме уметниците кои не сакаат јавно да се инволвираат со свои реакции за актуелните случувања? Дали е и тоа некој вид став? Дури и затворен во „својата сопствена соба" не можеш да останеш имун и недопрен. Понекогаш ми се чини дека публиката отупела, дека не умее да ги прочита суптилните пораки. Зошто ако не се експлицитни и видливи, пораките не постојат. На уметникот му е дозволено да размислува и да создава во една безвременост, зошто така се создаваат дела што го надминуваат актуелното и го допираат универзалното.

Статијата е прочитана 1823 пати.